Оливер Цацков



# ИНТИМНИ ХОРИЗОНТИ

– изложба на дигитални фотографии –

# ОЛИВЕР ЦАЦКОВ

# ИНТИМНИ ХОРИЗОНТИ

изложба на дигитални фотографии

НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип
2026

# НЕДОСЕГЛИВИОТ ИНТИМЕН ХОРИЗОНТ НА ОЛИВЕР ЦАЦКОВ

Основното значење на поимот *хоризонт* вообичаено се определува како најоддалечената замислена линија кон којашто е насочен човековиот поглед. Во таа смисла, хоризонтот претставува оптички феномен, привидна граница на перцепцијата и точка на ориентација преку која видливиот свет се организира во смисловна целина. Сепак, бидејќи неговото определување секогаш зависи од конкретните физички, просторни и атмосферски услови, тој не може да се разбере како единствена и стабилна визуелна категорија. Напротив, тука бездруго станува збор за поим што може да има само множина, зашто различните субјекти никогаш не го воспримаат хоризонтот на идентичен начин, дури ни кога гледаат кон ист простор. Оттука, хоризонтот може да се сфати и како еден од суштинските парадокси на човековата перцепција: иако во физичка смисла ја означува линијата на средба меѓу Земјата и небото, таа граница останува недостижна, постојано оддалечувајќи се пред секој обид за нејзино достигнување. Поради тоа, наместо како единствен и универзален, хоризонтот треба да се разбере како множество паралелни, променливи и меѓусебно различни перспективи што никогаш не се совпаѓаат во целост.

Филозофските толкувања, особено оние развиени во рамките на феноменолошката традиција, дополнително го прошируваат значењето на овој поим. Во нив, хоризонтот не се појавува само како визуелна граница на видливото, туку како фундаментална структура на искуството и на човековото разбирање на светот. Оттука, тој не се однесува толку на реалната граница на видливото туку попрво на полето на можни значења што го придружуваат секој чин на перцепција. Притоа, со оглед на тоа што, во феноменолошка смисла, секој предмет се појавува во свеста во рамките на сопствен хоризонт на можности, односно никогаш не ни е даден во својата целосност, треба да се има предвид дека во секое искуство секогаш постои нешто што останува надвор од непосредната достапност на свеста, нешто што е само насетено, претчувствувано или потенцијално присутно како можност за идно откривање.

Концептуалната рамка на оваа изложба произлегува токму од ваквото разбирање на хоризонтот. Наместо како општа определница за границите и ограничувањата на перцептивниот простор, овој поим овде е сфатен, пред сè, како структура на свеста – начин на кој човекот го доживува она што непосредно му се покажува, но и она што останува делумно скриено, недофатливо или само

насетено. Во тој контекст, синтагмата *интимен хоризонт* ја означува ориентацијата на субјективното искуство, односно онаа крајна точка до која човекот може да се доближи до себеси во процесот на себеспознавање и разбирање на светот. Поинаку кажано, од егзистенцијална перспектива, интимниот хоризонт е онаа постојано променлива координата на човековото движење низ сопственото битие. Составен од мисли, сензации, сеќавања, афинитети, желби, чувства и претчувства, тој се однесува на сите оние внатрешни содржини што стојат во основата не само на перцептивното, туку и на егзистенцијалното искуство, давајќи му смисла и внатрешна кохерентност.

Поставувајќи го интимниот хоризонт како аналитичка рамка за толкување на визуелната феноменологија на педесетте дигитални фотографии на Оливер Цацков претставени на оваа изложба, станува очигледно дека структурата на перцепцијата, односно начинот на кој личното искуство го организира погледот, може да активира сложена мрежа од асоцијации во кои познатото и непознатото, видливото и насетеното, егзистираат истовремено.

Создавани во периодот од 1998 до 2026 година, овие дела на Цацков во јасен континуитет потврдуваат дека субјективната перцепција не е фиксна категорија туку динамична структура што постојано се преобликува во однос на искуството, меморијата и променливите услови на гледањето. Како и секоја друга структура на свеста, и таа поседува сопствен хоризонт кој, на сличен начин како физичкиот, ја ориентира логиката на погледот и го организира видливото во препознатлив и смисловно поврзан простор. Со други зборови, низ овие фотографии авторот недвосмислено покажува дека, пред да ја пронајде својата точка на ориентација, погледот неизбежно талка низ видливото, обидувајќи се да го препознае мигот во кој светот ќе започне да се обликува во значенска структура. Тоа значи дека светот никогаш не ни се појавува како нешто што однапред е дадено и целосно достапно за сознание. Напротив, бидејќи хоризонтот, вклучувајќи го и интимниот, никогаш не е целосно транспарентен ниту за самиот субјект, односно бидејќи мислите, чувствата, сеќавањата и желбите како подвижни облици на искуството и самоспознавањето постојано се преобразуваат, она што е експлицитно прикажано во визуелното поле на овие фотографии во себе го содржи и она што за самиот автор останало недоволно артикулирано, потиснато или сè уште нецелосно осознаено.

Токму во тој предел на недореченото, во она што само се насетува и никогаш не се открива во целост, Цацков го препознава просторот од кој произлегува новото значење. За авторот фотографијата никогаш не е само технички или оптички процес. Таа е, пред сè, специфичен начин на воспоставување однос со видливото и со светот воопшто. Неговите дела откриваат една, за современото време навистина ретка, чувствителност која не го третира светот како објективна и самодоволна реалност што треба да се освои со поглед и веднаш да се претвори во значење, туку како

нешто што постепено се открива и што може да биде препознаено единствено како резултат на еден исклучително личен чин на гледање. Во таквиот однос, фотографијата се преобразува во место на средба – меѓу погледот и материјата, меѓу субјективноста и општото, меѓу она што се покажува и она што останува надвор од непосредната достапност на свеста. Истовремено, таа станува и чин на доверба – во можноста нешто да биде вистинито и значајно дури и тогаш кога не е целосно разјаснето или конечно определено.

Во тој процес, употребата на крупниот план (*close-up*) се чини дека има особено значајна улога. Како визуелна стратегија што ги редефинира воспоставените односи во просторот, за авторот оваа техника не е само начин за документирање на мотивот што го привлекол неговото внимание, туку, пред сè, начин тој мотив повторно да стане видлив, отворајќи можност за негово ново восприемање и ново разбирање. Крупниот план не ја открива само материјалноста на предметот, туку и границите на неговата препознатливост. Нарушувајќи ги вообичаените механизми на визуелна ориентација – исчезнувањето на јасните размери, стабилните просторни координати и конвенционалната перспектива – Цацков го остава гледачот без сигурните референтни точки преку кои вообичаено се организира визуелното искуство. Во една таква ситуација, во која веќе познатото не се репродуцира туку повторно се преиспитува начинот на кој станува достапно за погледот, хоризонтот повеќе не се воспоставува како надворешна граница на видливото, туку како негова внатрешна димензија.

Хоризонтот овде функционира како афективно поле – простор во кој визуелното искуство се преплетува со сензацијата и со внатрешната душевна состојба на авторот. Видливото не се исцрпува во она што се покажува; напротив, секогаш упатува кон нешто што останува надвор од непосредната достапност на погледот. Просторната длабочина се преобразува во интимна оптичка категорија, при што блиското станува необично, а познатото добива карактер на непознато. Издвоен од својата непосредна околина, деталот стекнува автономија и се преобразува во самостоен визуелен свет што останува отворен, недовршен и подложен на различни интерпретации. Токму во тој простор на недовршеност и неможност за конечно разбирање се обликува хоризонталната структура на перцепцијата.

Оттука, фотографиите на Цацков реализирани во крупен план можат да се разберат како визуелни практики во кои препознатливите облици – на оваа изложба мотиви од природата – се врамени во само еден од безбројните можни хоризонти на гледање. Токму затоа тие не се однесуваат на различните претстави на едно исто нешто, туку на различните начини на негово појавување во свеста на набљудувачот. Во визуелниот јазик на авторот, хоризонтот не функционира како граница што го ограничува погледот, туку како структура што го насочува вниманието и ја организира смислата на видливото. Тој претставува простор во

кој конкретното постојано се преобразува во нешто насетено, додека познатото добива нови и неочекувани значења што ја надминуваат неговата непосредна препознатливост.

Всушност, преку дестабилизација на единствената перспектива, овие фотографии суптилно ги проблематизираат односите меѓу откривањето и прикривањето, меѓу присуството и отсуството, отворајќи поле на повеќезначност и интерпретативна отвореност. Наместо да го насочуваат погледот кон однапред зададена смисла или кон јасно определена цел, тие го задржуваат во состојба на континуирано откривање. Во оваа перцептивна неодреденост природата останува препознатлив, но намерно дезориентиран мотив. Таа не се појавува како стабилна и однапред дефинирана материјална стварност, туку како динамично поле на појавување во кое облиците постојано се преобразуваат, отворајќи нови можности за нивно восприемање и толкување.

Приближена до сопственото јадро, во фотографиите на Цацков природата не се појавува како спектакуларна сцена што треба да го воодушеви набљудувачот, туку како тивко и ненаметливо присуство. Наместо кон широки панорами и величествени визури, вниманието на авторот е насочено кон она што најчесто останува незабележано – кон деталите што рутината на погледот лесно ги занемарува. На тој начин, неговите дела се надоврзуваат на една долга визуелна традиција што настојува да ја открие извонредноста на привидно обичното и да ја покаже скриената комплексност на секојдневното искуство. Притоа, природата не се јавува како пасивен предмет на набљудување, туку како активен соговорник во процесот на гледањето, како присуство што постепено му се открива на оној што е подготвен доволно долго и внимателно да го следи нејзиното појавување.

Ослободени од својата вообичаена контекстуална функција, текстурата на дрвото, структурата на каменот, микроритмите на водата, кревкоста на цветниот фрагмент и суптилните премини меѓу светлината и сенката почнуваат да егзистираат како самостојни визуелни појави што добиваат речиси апстрактен карактер. Во делата на Цацков овие елементи повеќе не се восприемаат како делови од некоја поголема целина, туку како автономни облици што го задржуваат вниманието единствено врз сопствената визуелна присутност. Во таа смисла, интимниот хоризонт на авторот ја означува границата до која може да се навлезе во формата на светот пред таа повторно да се повлече во својата неодреденост. Тој го бележи мигот во кој материјалноста на нештата сè уште не е целосно претворена во концепт, ниту целосно преобразена во значење. Одбивајќи да наметне конечни именувања и прифаќајќи ја неодреденоста како суштинска естетска вредност, Цацков го враќа гледањето во состојба на внимание и отвореност кон она што допрва треба да се открие.

За авторот, фотографот не е интерпретатор туку внимателен набљудувач

кој фотографирањето го разбира како единствено и неповторливо искуство врзано за конкретен миг на гледање. Со тоа, и фотографијата престанува да биде средство за опфаќање и освојување на видливата реалност, преобразувајќи се во начин на присуство во неа. Спротивставувајќи се на брзината и површноста на современиот поглед, Цацков инсистира на забавеност, непосредност и, пред сè, на присутност. Неговите дела се записи од една длабока и вродена блискост со природниот свет, белешки на поглед што одбива да ја редуцира реалноста на однапред воспоставени категории и дефиниции.

Можеби премногу често инсистираме на тоа дека светот мора да биде разбран, именуван, категоризиран и ставен во функција на нашите концепти. Таквиот пристап го поставува светот пред нас како нешто надворешно, како предмет што се набљудувана од дистанца. Цацков предлага суштински поинаков однос. Неговиот пристап е воздржан, трпелив и внимателен. Тој не брза да му припише значење на она што го гледа, ниту настојува секоја појава да ја затвори во рамките на веќе познатото. Наместо тоа, му дозволува на светот постепено да се открива, да се појавува во сопствениот ритам и според сопствената внатрешна логика.

Затоа неговите фотографии не градат наратив во традиционална смисла на зборот, односно не нудат однапред зададена интерпретација. Тие не се обидуваат да ја опфатат природата како завршена и целосно достапна реалност, туку ја оставаат во нејзината отвореност, повеќезначност и недореченост. Наместо да го документираат светот како нешто веќе формирано и дефинирано, тие го регистрираат мигот во кој видливото започнува да добива форма и значење во свеста. Во тој миг, стварноста не е нешто што едноставно стои пред погледот, туку нешто што се конституира во самиот чин на восприемање, како настан што се случува меѓу светот и субјектот што го набљудува.

Оттука, отсуството на нарација не треба да се разбере како формален недостаток или како случајна особеност на авторскиот пристап. Тука станува збор за свесна етичка и естетска позиција. Ослободена од прерано воспоставени значења и од прекумерна симболизација, природата во овие фотографии не се појавува како предмет што треба да биде интерпретиран, туку како искуство што треба да биде проживеано. Пејзажот не функционира како визуелен мотив што бара дешифрирање, туку како простор на присуство во кој гледачот е повикан да престојува. На тој начин, фотографијата не го насочува набљудувачот кон конечен заклучок, туку го воведува во состојба на отворено и континуирано соочување со видливото.

Во оваа смисла, делата на Цацков не бараат брзо препознавање, ниту непосредна идентификација на она што е прикажано. Нивната визуелна логика е поинаква. Таа се темели врз постепено откривање, врз трпеливо задржување на погледот и врз подготвеноста да се прифати дека не секое визуелно искуство мора

веднаш да биде сведено на јасно и недвосмислено значење. Токму во тој простор на неодреденост се отвора можноста за подлабоко и поинтимно доживување на светот. Наместо да нудат одговори, овие фотографии поставуваат прашања; наместо да ја затвораат смислата, тие ја оставаат отворена за нови можности на восприемање и толкување.

На крајот, треба да се нагласи дека вредноста на фотографиите на Цацков не произлегува од нивната техничка сложеност, туку од интензитетот и доследноста на погледот што стои зад нив. Иако се создадени со мобилен телефон и без каква било дополнителна дигитална обработка, тие успеваат да допрат до оние суптилни и тешко достапни слоеви на искуството што ретко стануваат предмет на визуелна артикулација. Нивната сила не произлегува од технолошката софистицираност, туку од способноста во навидум обичните појави да препознаат сложени структури на значење и искуство. Токму затоа овие фотографии не функционираат само како визуелни записи на одредени мотиви, туку како сведоштва за еден специфичен однос со светот.

Нема сомнение дека во овие дела авторот успеал да се доближи до некои од најоддалечените предели на сопственото искуство. Следејќи ја денес низ нив мапата на неговиот интимен хоризонт, станува јасно дека тука не станува збор за затворен и конечно определен простор. Напротив, сѐ упатува на тоа дека тој и натаму ќе продолжи да се шири во нови насоки, отворајќи нови визуелни истражувања и нови облици на средба со светот. Затоа, фотографиите на Цацков не претставуваат завршена целина. Тие се една отворена и недовршена мапа на можни патишта низ кои погледот продолжува да го бара она што никогаш не може целосно да биде достигнато, но токму затоа постојано повикува на ново откривање.

Анита Илиева Николовска

к
а
т
а
л
о
г



Дијагонала (2021)



Дијагонала 2 (2021)



Дијагонала 3 (2021)


Граница (2021)


Граница 2 (2021)


Исчезнување (2005)


Исчезнување 2 (2011)


Исчезнување 3 (2017)


Исчезнување 4 (2018)


Исчезнување 5 (2019)


Исчезнување 6 (2021)



На стража (1998)



На стража 2 (2018)



На стража 3 (2021)



На стража 4 (2021)



Набљудувачи (2019)



Набљудувачи 2 (2022)



Набљудувачи 3 (2024)



Нијанси (2015)



Нијанси 2 (2022)



Нијанси 3 (2025)



Сизиф (2007)










Орбита (1998)
Орбита 2 (2011)
Орбита 3 (2011)
Орбита 4 (2019)
Орбита 5 (2020)
Орбита 6 (2021)
Орбита 7 (2024)
Орбита 8 (2025)



Отпор (2014)



Отпор 3 (2022)



Отпор 2 (2000)



Присуство (2015)



Присуство 3 (2019)



Присуство 2 (2018)



Присуство 5 (2026)



Присуство 4 (2022)



Средба (1998)



Средба 2 (2016)



Средба 3 (2016)



Средба 4 (2021)



Средба 5 (2022)



Позната адреса (2017)



Сведок (2020)



Сведок 2 (2021)



Траење (2011)



Засолниште (2014)



Засолниште 2 (2018)



Засолниште 3 (2025)

Оливер Цацков
„Интимни хоризонти“ : изложба на дигитални фотографии
НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип,
3 јули 2026

Издавач:
НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

За издавачот:
Ивана Бицовска

Уредник:
Анита Илиева Николовска

Концепт и текст:
Анита Илиева Николовска

Организација на изложбата:
Анита Илиева Николовска
Оливер Цацков

Лектура:
Бранкица Јовева

Ликовно-техничко уредување:
Анита Илиева Николовска

Фотографии:
©Оливер Цацков

Фотографија на корицата:
©Катерина Коматина

Печат:
„Александро Дооел“ – Свети Николе

Тираж:
100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

779(497.7)(083.824)

ЦАЦКОВ, Оливер
Интимни хоризонти : изложба на дигитални фотографии / Оливер Цацков; [текст Анита Илиева Николовска ; фотографии Оливер Цацков]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека “Гоце Делчев”, 2026. - 27 стр. : илустр. ; 20x20 см

Недосегливиот интимен хоризонт на Оливер Цацков / Анита Илиева Николовска: стр. [5]-10

ISBN 978-608-242-194-0

а) Дигитална фотографија -- Македонија -- Каталози од изложби

COBISS.MK-ID 69021701